Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-488/9
17-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–488/1 од 04.09.2023 година, поднесена од Љубинка Ефтимова од Струмица преку полномошни Васил Арабаџиев, адвокат од Струмица, со седиште на адвокатска канцеларија на Плоштад „Маршал Тито", бр. 4 во Струмица, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Димче Мирчев", број 9 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон лицето Љубинка Ефтимова од Струмица.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 04.09.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–488/1, од страна на подносителот [redacted] од Струмица, преку полномошник [redacted] од Струмица, а против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Според наводите изнесени во претставката, лицето [redacted] од Струмица, има завршено Педагошки факултет при Универзитет "Гоце Делчев" во Штип и се има стекнато со 240 кредити. Од 03.07.2015 година е вработена во Министерство за внатрешни работи, во Отсек за управни работи Струмица како помлад референт за управни работи, а по завршување на приправнички стаж се стекнала со решение од 29.06.2016 година. Во претставката е наведено дека била распоредена на работно место кое било наменето за лица почетници кои имаат завршено средно образование. Со оглед на степенот на образование на именуваната и нејзиното искуство, таа поднела Барање за распоредување на повисоко работно место

и тоа на 16.02.2018 година. По ова барање доставено и било Известување дека унапредувањето на работниците во министерството е во транспарентна постапка со објавување на Инетерен оглас. По ова откако на 12.04.2021 година е објавен Интерен оглас број 13.3.1-19, именуваната доставила и своја пријава за едно од работните места предвидени со интерниот оглас. По овој оглас именуваната не била избрана за работното место за кое била пријавена така што истото останало непополнето, за разлика од другите работни места објавени со интерниот оглас, а за кои е извршен избор на кандидати. Понатаму, според наводите на 13.03.2023 година бил објавен Инетерен оглас за пополнување на работни места во Оддел за граѓански работи – Струмица. На овој оглас [redacted] се пријавила за работно место Помлад советник за управни работи за Струмица и овој пат исто така била единствено пријавена за наведеното работно место. На 26.07.2023 година добила Известување дека не е избрана за работното место за кое конкурирала.

На 03.08.2023 година именуваната поднела Барање до работодавачот за да добие одговор зошто по двата интрени огласи не е избрана. По ова барање примила Одговор на 08.08.2023 година во кој било наведено дека Комисијата за избор утврдила дека не постои консензус за нејзин избор за конкретното работно место за кое се пријавила. Поради наведеното, во претставката се посочува дека кон лицето [redacted] од Струмица е сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) соодветно се обрати до потенцијалниот дискриминатор Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија со Барање за произнесување број 08-488/2 од 20.09.2023 година по кое е доставен Одговор број 13.2.1-101449/2 од 13.10.2023 година во кое се наведува дека во министерството со решение на министерот се формираат Комисии за распоредување и унапредување на работниците. Комисијата одлуките за избор ги носи со преземање на мерки и активности согласно одредбите од Закон за внатрешни работи, Законот за полиција, Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи. Понатаму во одговорот се наведува дека Комисијата согласно своите овластувања врши избор од кандидатите кои ги исполнуваат условите, но исполнувањето на условите претставува само предуслов за пријавените кандидати да бидат проследени во постапката за селекција и избор од страна на Комисијата. Доколку кандидатите не ги исполнуваат условите тие воопшто не се предмет на селекција. Фактот пак дека некој кандидат ги исполнува условите и ја поминал административната проверка не значи автоматски дека ќе се изврши негов избор од страна на Комисијата, се наведува во одговорот.
Наводите во претставката за тоа дека не се наведени причините за неизвршен избор за работното место за кое Љубинка Ефтимова има аплицирано, се целосно

неиздржани од причина што Комисијата за распоредување и унапредување на работни места во организациските единици за потребите на министерството, нема законска должност за тоа.

По ова Комисијата се обрати со Барање број 08-488/3 од 09.10.2023 година до Министерство за внатрешни работи заради потребата од доставување на дополнителни податоци за тоа

- Кои лица биле членови на Комисијата за избор за конкретното работно место за кое аплицирала подносителката на претставката
- Дали за одлучување на Комисијата е потребен консензус или мнозинство и
- Образложение на Одлуката за неизбор на подносителката на претставката за конкретното работно место.
-

По однос на овие прашања до Комисијата е доставен Одговор од Министерство за внаттрешни работи Рег.бр. 13.2.1-101449/3 од 26.10.2023 година, во кој се наведува дека Комисијата за распоредување и унапредување на работни места во организациските единици за потребите на Министерството на ден 13.07.2023 година одржала работен состанок во врска со објавен интерен оглас бр. 13.3.1-18 во состав од [redacted] – променлив член, односно раководител на организациска единица каде е систематизирано работното место за кое се спроведува постапката за распоредување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација исто така се обрати до [redacted] помошник министер во Министерство за внатрешни работи, Сектор за управно надзорни работи со Барање за дополнителни податоци број 08-488/5 од 17.10.2023 година, а по кое барање помошникот на министерот се произнесе со Одговор Рег,бр. 12-112290/2-2023 од 25.10.2023 година. Во Одговорот е наведено дека помошникот министер во Оддел за граѓански работи, [redacted] бил заменлив член на надлежната Комисија за распоредување и унапредување за избор на кандидат по интерен оглас број 13.3.1-18 објавен на 13.03.2023 година, за пополнување на работно место – помлад советник за управни работи за Струмица. Понатаму наведува дека неговото мислење во однос на пријавениот кандидат (подносителката на претставката Љубинка Ефтимова од Струмица) било позитивно – усно образложено, меѓутоа Комисијата при процесот на одлучување за избор на конкретното место ги земала во предвид природата на работата и задачите кои ги извршуваат пријавените кандидати, нивно континуирано работно искуство, личните перформански и нивните компетенции и професионално искуство. Во конкретниот случај Комисијата утврдила дека не постои консензус за избор на кандидатот на конкретното работно место.

Согласно член 120 од Закон за внатрешни работи[1] *Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност.* Согласно член 128 од овој закон *Одлука за распоредување и унапредување на работниците во Министерството донесуваат посебни комисии за распоредување и унапредување, што ги формира министерот. Комисиите се составени од претседател, четири члена и нивни заменици, од кои еден член и заменик се претставници на репрезентативниот синдикат, а еден член и заменик е променлив и е раководител на организациската единица каде е систематизирано работното место за кое се спроведува постапка за распоредување, односно унапредување.*

Согласно член 23 став (1) од Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во министерството за внатрешни работи[2], *по спроведување на селекцијата и избор на кандидат за распоредување односно унапредување на друго работно место, Комисијата со одлука врши избор на кандидат кој ќе биде распореден односно унапреден на друго работно место согласно условите предвидени со закон.*

Врз основа на сето горе наведено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација кон лицето [redacted] од Струмица, врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за внатрешни работи, а онака како е опишана во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Наведеното од причина што при одлучувањето за унапредување на именуваната, петчлената Комисија за распоредување и унапредување на работни места во организациските единици за потребите на Министерството, постапувајќи по член 120 од Закон за внатрешни работи, не постигнала консензус по кој би се донела Одлука за избор.

[1] („Службен весник на Република Македонија", бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22)
[2] Службен весник на РМ, бр. 44/15 и Службен весник на РСМ, бр. 218/19 и 150/22

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
17.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул. "Димче Мирчев", број 9, Скопје
- [redacted]
  Министерство за внатрешни работи на РСМ, ул. Димче Мирчев, бр. 9, Скопје
- Архива